МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Број:11- 5534/2
Датум: 21.07.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 20.07.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Новопроектирана", Качанички пат по барање на Инвеститорот "ЕВН – Македонија" , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NA2XS(F)2Y 1x400мм2, заради реализација на приклучок за објект на барател Стил Железо ДООЕЛ Тетово.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NA2XS(F)2Y 1x400мм2. Трасата за новата електричната инсталација започнува со поврзување со спојка со постоечки кабел лоциран на земјена подлога од каде што продолжува исто по земјена подлога се до нова шахта.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 10 метри земјена подлога , кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за земјена подлога да уплати износ од 944,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од земјена подлога да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Примил:
Симона Петрушевска
Симона П.
21.07.2022

Данче Поповска
Тома Мандилоски
Љубомир Тодевски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*